2024

# АНАЛИЗА

## ОД СПРОВЕДЕНИ АНКЕТНИ ПРАШАЛНИЦИ ЗА УЧЕСТВОТО НА ДЕВОЈКИТЕ И МОМЧИЊАТА ВО РАЗВОЈОТ НА МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ ВО ОПШТИНИТЕ СТРУМИЦА И ГОСТИВАР

ЗДРУЖЕНИ ЗА
АКТИВНО ГРАЃАНСТВО

# СОДРЖИНА


01 **Вовед и методологија**

03 **Општи наоди**

04 **Клучни наоди**

05 **Наоди по општини**
Општина Струмица

08 **Наоди по општини**
Општина Гостивар

11 **Заклучоци**

12 **Препораки**

# ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

Младите се двигатели на општествени промени. Нивното учество во креирањето политики и во процесот на донесување одлуки овозможува силен и одржлив развој на заедницата. Создавањето услови за структурен дијалог беа воспоставени во 2020 година со донесување на Законот за младинско учество и младински политики ((ЗМУМП)**[1]**, со кој се регулирани обврските за учеството на млади во развојот на национални и локални младински политики и формите на младинско организирање.

Меѓутоа, покрај формалното учество, од суштинско значење е различните интереси и потреби на момчињата и девојките да бидат адекватно третирани во националните и локалните политики. Едно од основните начела на ЗМУМП е начелото на „еднаквост, еднакви можности и забрана од дискриминација“ (чл.5).

Развојот на родово сензитивни политики кои подеднакво ги одразуваат потребите и интересите на девојките и на момчињата е еден од предусловите за пристап и интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија. Принципот на недискриминација и промоција на родовата еднаквост се клучен дел од Стратегијата за млади на Европската Унија 2019 – 2027[2], како и клучен дел во домашната законската регулатива и стратешки национални и локални документи во областа на родовата еднаквост и младинското учество (Закон за еднакви можности на мажите и жените, Национална стратегија за млади 2023 – 2027, Локална стратегија за млади на Општина Струмица 2023 – 2027, Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027, Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство).

**[1]** Закон за младинско учество и младински политики, https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/zakon-za-mladinsko-ucestvo-i-mladinski-politiki-2019.pdf

**[2]** Стратегија за млади на ЕУ 2019 – 2027, https://eur-lex.europa.eu/EN/legal-content/summary/eu-youth-strategy-2019-2027.html

Организацијата на жени од Струмица и Иницијативата за граѓански интеграции ИГИ од Гостивар спроведоа анкетно истражување меѓу 200 млади девојки и момчиња на возраст од 16 до 25 години во двете општини, за да се утврди нивото на родово – инклузивни практики во развојот на локалните младински политики и да се идентификуваат нивните различни потреби, интереси и предизвици за унапредување на статусот и улогата на младите во локалните заедници.

Во текот на септември 2024 година беа анкетирани 93 девојки и 107 момчиња од општините Струмица и Гостивар. Со анкетирањето беа опфатени млади на возраст од 16 до 25 години, со различна етничка припадност. Целта на истражувањето беше да се утврди нивото на вклученост на младите во развојот на општинските младински политики и дали и колку општините при креирањето напрограмите и стратегиите подеднакво ги земаат во предвид различните потреби на девојките и момчињата.

Оваа активност се реализираше во рамки на акцијата „Младински активизам за феминизам“, поддржана од НВО Инфоцентар – Скопје, со финансиска поддршка од Европската Унија.



# ОПШТИ НАОДИ



Истражувањето покажа дека високи 90% од младите во општините Струмица и Гостивар не учествувале во креирање на локалните младински програми и стратегии. Загрижува и податокот што голем дел од нив не сакаат да учествуваат во развојот на политиките (41% во Струмица и дури 70% во Гостивар). Младите луѓе сметаат дека општините треба да вложат поголеми напори за поттикнување на младинското учество, преку различни форми на споделување информации за можностите и механизмите за вклученост во консултации за прашања кои се од нивен интерес.

Повеќе од една третина од испитаниците мислат дека локалните власти не се грижат за различните потреби на девојките и момчињата. Иако момчињата и девојките имаат специфични потреби и се соочуваат со различни проблеми и предизвици, сепак и едните и другите имаат недостаток од простор за дружење и социјализација, од културно – забавни  и спортско – рекреативни активности, а сметаат и дека проблемот со загадувањето на воздухот го нарушува нивното здравје и квалитетот на живот. Девојките мислат дека општините треба да бидат поактивни во решавање на проблемот со родово засновано насилство. Момчињата сметаат дека големиот број на обложувалници и казина имаат негативно влијание врз нивниот развој.

# КЛУЧНИ НАОДИ

Повеќе од една третина од анкетираните млади лица сметаат дека општинските власти не се грижат за вградување на родовата димензија во младинските политики, односно за развој на активности и мерки од кои еднакви придобивки ќе имаат и момчињата и девојките.

Само 10% од младите биле вклучени во консултации за прашања кои се од нивен интерес. Најчесто, учествувале на работилници и дебати организирани од граѓански организации.

Само 3% од младите испитаници сметаат дека општинските власти при дизајнирањето на локалните младински политики ги земаат во предвид потребите на девојките.

Високи 70% од анкетираните лица во Гостивар и 59% во Струмица не се заинтересирани да учествуваат во консултации за креирање локални младински стратегии и програми.

Девојките и момчиња се соочуваат со различни проблеми и предизвици во своите локални заедници. Девојките не се чувствуваат безбедни во физичкиот и интернет просторот, се соочуваат со недостаток на прилагоден простор за рекреативно – спортски активности, како и недостаток од едукации за репродуктивното здравје. Најголем проблем за момчињата претставува големиот број на обложувалници и казина кои создаваат услови за штетни навики кај младата популација и лесната достапност до опојни дроги и психотропни супстанции.

И момчињата и девојките сметаат дека општините треба да создадат услови за поголема интеракција и социјализација меѓу младите. Се соочуваат со недостаток на културно – забавни активности.

# НАОДИ ПО ОПШТИНИ
## Општина Струмица

Со анкетниот прашалник беа опфатени 100 млади лица над 16 години, различни по пол, место на живеење (урбана и рурална средина) и национална припадност (Табела 1). Најголем дел од испитаниците беа на возраст од 17 години (47%), а најмалку над 18 години (13%).

| | | |
|---|---|---|
| **Пол** | Машко | **47 %** |
| | **Женско** | **53 %** |
| **Место на живеење** | **Град** | **65 %** |
| | **Село** | **35 %** |
| **Национална припадност** | **Македонец/ка** | **87 %** |
| | **Албанец/ка** | **0 %** |
| | **Турчин/ка** | **12 %** |
| | **Ром/ка** | **0 %** |
| | **Друго** | **1 %** |

Табела 1: Број на испитаници според пол, место на живеење и национална припадност

- Дури 92% од младите не биле вклучени или консултирани од општината во процесот на дизајнирање на младинските политики.

- Само 8 од вкупно 100 анкетирани лица учествувале во активности организирани од граѓански организации – едукативни работилници и дебати.

- 43% од испитаниците сметаат дека општинските власти не се грижат за проблемите и на момчињата и на девојките, а 20% мислат дека Општината води сметка за потребите и на двата пола. Само 3% испитаници изјавиле дека надлежните при развојот на младинските политики ги земаат во предвид потребите и на девојките.

- Високи 59% млади луѓе не се заинтересирани за учество во консултативни процеси организирани од Општината, а 41% сакаат да бидат консултирани.

- Девојките и момчиња сметаат дека Општината треба да вложи поголеми напори за да ги информира, мотивира и поттикне да се вклучат во развојот и спроведувањето на родово – сензитивни младински политики. Потребно е општинските власти да ги идентификуваат специфичните потреби на девојките и момчињата преку спроведување анкетни прашалници, дебати, развој на платформа за млади на социјалните мрежи, презентации и предавања во училиштата за механизмите за учество во младински консултации.





Најголемите проблеми за девојките во Струмица се поврзани со нивната безбедност, здравјето и социјалниот живот. Според нив, во општинските стратегии и програми треба да се креираат мерки за: заштита и спречување од родово базирано насилство во јавниот и на интернет просторот, безбеден и сигурен простор за слободно движење (улично осветлување и зголемено полициско присуство во ноќните часови), информативно – едукативни кампањи и предавања за сексуалното и репродуктивното здравје, потоа услови за поттикнување на колективните женски спортови и поддршка на девојки спортистки и мерки за поголема интеракција, социјализација и афирмација на културно – забавниот живот на девојките преку отворање на женски мултифункционален центар и организирање на годишен женски фестивал.

И за момчињата најголемите проблеми се поврзани со нивната безбедност, здравје и социјалниот живот. Сепак, постојат разлики помеѓу нивните и потребите на девојките. Момчињата сметаат дека општинските власти, во соработка со останатите институции, треба да развијат и спроведат мерки за спречување на физичкото насилство меѓу младите, за поголема безбедност во сообраќајот, потоа мерки против создавање навики на зависност и нарушување на здравјето, односно активности против прекумерна продажба и лесна достапност на малолетни лица до опојни дроги, психотропни супстанции и алкохол и до обложувалници. Испитаниците ја истакнуваат и потребата од побогата програма за меѓусебна интеракција и културно – забавни активности.

Заедничките потреби на момчињата и девојките се насочени кон решавање на проблемот со загадувањето, кое го нарушува нивното здравје и квалитет на живот. Сметаат дека локалните власти мора да бидат поактивна во изнаоѓање на брзи и ефикасни мерки за решавање на овој проблем.

# НАОДИ ПО ОПШТИНИ

## Општина Гостивар

Со анкетниот прашалник беа опфатени 100 млади лица над 16 години, различни по пол, место на живеење (урбана и рурална средина) и национална припадност (Табела 2). Најголем дел од испитаниците беа на возраст од 16 години (32%) и 18 години (26%).

| | | |
|---|---|---|
| **Пол** | Машко | **60 %** |
| | **Женско** | **40 %** |
| **Место на живеење** | **Град** | **82 %** |
| | **Село** | **18 %** |
| **Национална припадност** | **Македонец/ка** | **62 %** |
| | **Албанец/ка** | **29 %** |
| | **Турчин/ка** | **5 %** |
| | **Ром/ка** | **4 %** |
| | **Друго** | **0 %** |

Табела 2: Број на испитаници според пол, место на живеење и национална припадност

- Високи 90% од младите не биле вклучени или консултирани од општината во процесот на дизајнирање на младинските политики.

- Само 10% учествувале на работилници и дебати поврзани со прашања кои се од интерес на младите.

- Една третина од анкетираните млади лица од испитаниците сметаат дека Општината подеднакво се грижи за потребите и на момчињата и на девојките (32%), но исто толку мислат дека не води сметка за потребите ниту за едните, ниту за другите (33%). 12% млади изјавиле дека надлежните при развојот на младинските политики ги земаат во предвид потребите и на девојките.

- Високи 70% од младите испитаници не се заинтересирани за учество во консултативни процеси организирани од општината. Само една третина сакаат да бидат консултирани.

- Девојки и момчиња сметаат дека општината треба да биде поактивна во однос на информирањето и поттикнувањето на младинското учество во развојот и спроведувањето на родово – сензитивни младински политики. Потребно е да организира младински форуми, собири и платформа за комуникација и размена на идеи. Младите ја нагласуваат и потребата од презентации во училиштата за механизмите за учество во консултации во процесите на креирање младински политики и на одлучување за прашања кои се однесуваат на младите луѓе.





Најголемите проблеми за девојките во Гостивар се поврзани со здравата и безбедна средина, и со социјалниот и културниот живот. Според нив, во Општината во младинските стратегии и програми треба да креира мерки за: заштита и спречување од сексуално насилство во јавниот простор и во интернатите, безбеден и сигурен простор за поголема интеракција и социјализација на девојките, безбедни услови за слободно движење низ парковите, мерки за развој на спортско – рекреативни содржини и за побогат културно – забавен живот.

И за момчињата најголемите проблеми се поврзани со нивната безбедност, здравје и социјалниот живот. Сепак, постојат разлики помеѓу нивните и потребите на девојките. Момчињата сметаат дека општинските власти, во соработка со останатите институции, треба да развијат и спроведат мерки за спречување на физичкото насилство во заедницата. Според нив, неопходни се мерки и за достапност на малолетни лица до големиот број обложувалници, но воедно и активности за заштита на психичкото здравје на младите кои се погодени од зависност од коцкање. Машките испитаници апелираат и на потребата од решавање на проблемот со сообраќајните предизвици – недостаток на паркинг места и лошата состојба на улиците. Ја истакнуваат и потребата од изградба на базен и спортски игралишта, како едни од елементите за развој на здрави и активни животни стилови.

Заедничките потреби на момчињата и девојките се насочени кон решавање на проблемот со загадувањето на воздухот, кое го нарушува нивното здравје и квалитет на живот. Сметаат дека општинските власти мора да бидат поактивни во изнаоѓање на брзи и ефикасни мерки за решавање на овој проблем. Исто така, и едните и другите не се чувствуваат безбедно и сигурно поради огромниот број на бездомни кучиња и бараат од Општината да креира хумани мерки за решавање на овој проблем – отворање стационар, згрижување и хуман третман и лекување на кучињата, вдомување, кампањи за одговорно сопственишто, итн.

# ЗАКЛУЧОЦИ









Општините Струмица и Гостивар не го применуваат концептот на родова еднаквост при развојот на локалните младински политики. Двојките и момчиња не се информирани и мотивирани за учество во креирањето на општинските стратегии и програми за млади.

Од одговорите на анкетните прашалници може да се заклучи дека задоволството од грижата и мерките за потребите на девојките во Општина Гостивар е за четири пати поголемо во однос на Општина Струмица. Негрижата за обезбедување еднакви можности помеѓу момчињата и девојките го зголемува родовиот јаз кај младата популација и го уназадува одржливиот развој на општините.

Перцепцијата на младите дека општините не се грижат ниту за потребите на девојките, ниту за потребите на момчињата, создава чувство на недоверба во локалните институции и апатија кај младинската заедница.

# ПРЕПОРАКИ

Земајќи ги во предвид податоците од ставовите на девојките и момчињата, до носителите на одлуки во општините Струмица и Гостивар ги предлагаме следните препораки:

- Да развијат механизми за двонасочна комуникација со младите заради поголема информираност и поттикнување на младинското учество во развојот на родово – сензитивни младински политики: предавања во училиштата, информативно – едукативен материјал, платформи на социјалните мрежи итн.

- Да спроведат активности за интегрирање на специфичните потреби на девојките и момчињата во локалните младински стратегии и програми, преку спроведување анкетни прашалници, собири со млади, платформи на социјалните мрежи, дебати.

- Да применат инклузивни практики во процесите на креирање политики и процесите на одлучување за прашања кои се од интерес на младите.

- Спроведување информативно - едукативни кампањи против родово засновано насилство во јавниот и на интернет просторот, со посебен акцент на сексуалното насилство.

- Да спроведат кампањи против штетните последици по здравјето на момчињата од зависности од опојни дроги и психотропни супстанции, алкохол и игри на среќа.

- Да креираат мерки за развој на здрави животни навики преку обезбедување посебни спортски соблекувални за женските и машките спортски клубови. Дополнително, да создадат услови за зголемување на бројот на спортски терени, како и можности за нивно бесплатно користење од страна на девојки и момчиња кои припаѓаат на социјално ранливи категории.

- Да преземат итни мерки за намалување на здравствените последици кај младите од загадувањето на воздухот.

- Да обезбедат услови за збогатување на културно –забавниот живот на младите.

- Општините, во соработка со училишта, граѓански организации и експерти, да спроведат едукативни активности за подобрување на знаењето кај младите за нивното сексуално и репродуктивно здравје.

- Да развијат и спроведат хумани мерки за решавање на проблемот со бездомните кучиња (згрижување, хуман третман и лекување, вдомување).

- Општините, во соработка со надлежни инспектори, претпријатија и останати институции, да обезбедат услови за безбедно, сигурно и слободно движење на младите: подобрено улично осветлување, зголемено полициско присуство во ноќните часови, решавање на проблемот со узурпираните тротоари и зелени површини од автомобили, засилени контроли и санкции против непочитување на сообраќајните прописи.

- Да обезбедат безбедна и сигурна средина (простор) за спроведување активности и размена на идеи помеѓу девојките за унапредување на нивниот статус и улога во заедниците.



Оваа анализа е подготвена со поддршка од Европската Унија, во рамки на проектот „Здружени за активно граѓанство“. Содржината на анализата е единствена одговорност на Организација на жени од Струмица и Иницијатива за граѓански интеграции - ИГИ од Гостивар и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Финансирано од Европска Унија